Women's Civic Initiative

**До: Средствата за јавно информирање**
**Предмет: Покана за прес - конференција**

## *16 дена активизам за борба против родовото и семејното насилство*

## „НЕМА ОПРАВДУВАЊЕ ЗА НАСИЛСТВОТО!“

**Темелна, енергична и одлучна акција се додека родовото и семејното насилство не престане!**

Почитувани,

По повод започнувањето на Меѓународната кампања **„16 дена активизам за борба против родовото и семејното насилство*“, ЖГИ АНТИКО,* ќе одржи прес – конференција на 25.11.2011 (петок), со почеток во 11 часот, во НВО Инфоцентар – Скопје.**

За оваа цел, би сакале да Ве поканиме да учествувате на оваа конференција и заедно да дадеме придонес кон искоренувањето на појавата која го прекршува основното човеково право за достоинствен живот и телесен интегритет на милиони жени и деца, како низ целиот свет, така и во нашата земја.

Мрежата на Женската Граѓанска Иницијатива Антико традиционално и оваа година се приклучува кон Светската Кампања „16 дена активизам за борба против родовото и семејното насилство“ преку спроведување на Кампања со широк спектар на активности во 10 локални заедници на територијата на Република Македонија.

**Со реализираните активности на кампањата сакаме да влијаеме на зголемувањето на јавната свест на локално и национално ниво. Да дадеме придонес во превенирањето на насилството со цел да ги заштититиме потенцијалните жртви. Да ги потсетиме сите релевантни институции и засегнати страни поактивно, поорганизирано, покоординирано и поефикасно да се приклучат кон сите заложби за елиминирање на родовото и семејното насилство.**

Во рамките на кампањата особено ќе се стави акцент на сензибилизирање на младата популација во насока на формирање позитивни ставови во однос на родовата рамноправност и еднаквите можности и елиминирање на родовите предрасуди и стереотипи.
Се надеваме дека и Вие како медиум, ќе појавите интерес и ќе ја поддржите оваа кампања со цел сите заедно да дадеме наш придонес во борбата против ова општествено зло.

Со почит,
Тимот на ЖГИ АНТИКО                                        Скопје, 22.11.2011
www.antiko.org.mk

*Годишната програма на АНТИКО е поддржана од програмата CIVICA Mobilitas, која е имплементирана од страна на Центарот за Институционален Развој – ЦИРа и Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија.*